# ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА
# НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ

Алкалоид АД Скопје е компанија која, повеќе од осум децении, работи во областите на производство на лекови, козметички и хемиски производи, и преработка на растителни суровини. Во рамките на својот Интегриран Менаџмент Систем, Алкалоид АД Скопје се стреми да ги намали својата потрошувачка и трошоци за енергија, и да промовира долгогодишна економска, еколошка и општествена одржливост на своите операции преку посветеност да:

- Континуирано работиме на намалување на енергетскиот интензитет на нашите производни и дистрибутивни операции.
- Обезбедиме континуирано подобрување на нашите енергетски перформанси.
- Обезбедиме информации и ресурси за да ги постигнеме нашите насоки и цели.
- Се придржуваме кон законските и други барања во однос на енергијата и ефикасната употреба на енергијата.
- Ги анализираме подобрувањата на енергетските перформанси во проектирањето и измените на нашите погони, објекти, опрема, системи, процеси, производи и услуги.
- Ефективно се набавуваат и користат енергетски ефикасни производи и услуги.
- Се изнаоѓаат начини да се заштеди енергија, користи отпадна топлина и размислува за воведување на обновливи и алтернативни извори на енергија.
- Континуирано се подигнува свеста, едуцираат и поттикнуваат сите вработени, снабдувачи, купувачи и други засегнати страни на компанијата, да идентификуваат можности и да предлагаат идеи за одговорно користење на енергијата.
- Континуирано се снимаат и ревидираат податоците кои рефлектираат и укажуваат на ефикасно управување на енергетските ресурси и споделување на нив на сите нивоа на организацијата.
- Се применува индивидуалната и колективната одговорност како клучен принцип.

Скопје
21.05.2024

Генерален Директор
Живко Мукаетов

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ